ИЗЛОЖБИ

# Фотографии на мирна осаменост

Tweet
Like 0 Share
16 јуни 2009 - 15:47

Кон изложбата на фотографии "Помеѓу објективот и снежните падини" на Ѓорѓи Попов, 1908-1979, во Кинотека на Македонија



Од каталогот на изложбата, подготвена од Искра Ефтимова дознаваме дека Ѓорѓи Гого Попов од 1921 до 1924 година завршил гимназија во Чикаго, а потоа во фотографскиот салон на семејството Попови во Скопје ќе почне да навлегува во светот на фотографијата. Првиот апарат што го употребувал бил од марката Ролефлекс. Потоа работел како журналист и фотограф во весникот "Југ". Со скијање почнал да се занимава од 1932 година, момент што е нагласен во насловот на изложбата.

Поставката на фотографии од Ѓорѓи Гого Попов има карактер на мал ретроспективен преглед и содржи дела главно од педесеттите и шеесеттите години на 20-то столетие. Во детските портрети, со симпатија тој ја барал непосредноста на изразот, нивната ведрина и моментно расположение. Во фотографиите од 50-тите години се чуствува попромислен период во кои човечките фигури, поставени во контрасветлина се дел од природата давајќи посебно значење на меката светлина и атмосферата на пределот. Во фотографиите "Манастир Св. Јоаким Осоговски", "Охридска црква", "Ќерката Надежда, с.Ростуше",

"Пелистер" и "Рибари" авторот ја избегнува централната композиција во прилог на одмерено романтичарско доживување на природата и човекот во неа.
Во тој период Ѓорѓи Гого Попов се определува за серија фотографии на "чист" пејзажизам (пејзажи од Мавровско и Охридско Езеро) во смирени линии и хармонија на елементите во кадарот. На миговното тој настојувал да му даде белези на "слика" на пејзажот.

Пејзажите од Маврово и Попова Шапка, датирани од 40-тите, 60-тите и 70-тите години, откриваат нагласен интерес за карактеристичните црти на мотивот како и за некои општи сликовни или графички вредности (пред називот на местото стои зборот "графика"). Неговото доживување на пејзажот има интимистички белези и кога го согледува во широки површини. Тој ги менува пропорциите на визуелната шема на природата настојувајќи на пределот да му даде извесна доближена визура. Посебно му биле важни мирните меки линии на пределот, сугестијата на мир и тишина, нежните преоди или графички јасно определените односи на светлината и темните делови. Човечкото присуство е индиректно назначено со стапките по чистата заоблена снежна покривка. Постигнувањето апстрактно-асоцијативни белези на пределот, како и посебното доживување на природата го вбројуват делото на Ѓорѓи Гого Попов (кој ги документирал објектите на македонското културно и уметничко богатство, работел на каталози на уметниците, рекламни паноа итн.) меѓу значајните автори не само на практичната документаристичка фотографија и визуелна култура кај нас. Факт е, меѓу другото, дека немало уметник во Македонија кој во 50-тите години не насликал некој пејзаж од Попова Шапка, Јелак и Мавровско Езеро. Тоа би бил добар компаративен материјал во однос на можностите на фотографијата.
Делото на Ѓорѓи Гого Попов, досега запоставено, заслужува да биде поцелосно истражено и оценето во рамки на модерната македонска фотографија.

***Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ***



Like Share Sign Up to see what your friends like.

# Поврзани



[Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа]



[Презадоволни сме, во Шпанија лош спот не можеш да направиш!]